ADING

# АДИНГКОЛОР-Ф

*Боја за завршна обработка на надворешни (фасадни) површини изработена врз основа на дисперзија на водена основа*

## Област на примена:

За декоративна завршна обработка на бетонски или малтерисани надворешни (фасадни) површини кај сите видови објекти во високоградбата. Се користи и при санација и обнова на фасади на стари објекти.

## Својства:

- еднокомпонентен;
- се тонира и нијансира во различни бои;
- одлична покривна моќ;
- еколошки производ;
- отпорност и постојаност на атмосферски влијанија;
- водонепропустлив;
- паропропустлив;
- одлична адхезија;
- економичен;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Тип: | Акрилатна дисперзија |
| Волуменска тежина: | 1,4 - 1,5 гр/см$^3$ |
| Содржина на суви материи: | 66-68 % |
| Време на врзување: | 15-20 мин |
| Време на зацврснување: | 60-90 мин |
| pH: | 8-9 |

## Подготовка на подлогата:

Површината на која се нанесува треба да биде цврста, чиста, обезмастена и обеспрашена. Подлогата се премачкува со Прајмер В, кој се разредува со вода во однос 1:4 и се нанесува со четка или јарец. Температурата на површината на која се изведуваат работите да биде во граници од +10°C до +35°C.

## Вградување:

Адингколор-Ф, се нанесува во 2 слоја. За нанесување на првиот слој, Адингколор-Ф се приготвува со бавно мешање на смесата со додавање на вода до 15%. По целосното сушење на првиот слој се нанесува вториот слој. Материјалот за вториот слој се разредува со додавање на вода до 10%. Вградувањето на материјалот се врши со четка, јарец или со машинско распрскување. Обработените површини треба да се заштитат од силен провев и дожд во период од 6-12 часа.

## Потрошувачка:

Во зависност од површината на која се нанесува

| | |
|---|---|
| Прајмер В | 0,15 - 0.25 кг/м$^2$ |
| Адингколор-Ф | 0,40 - 0,50 кг/м$^2$ |

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по неговата употреба.

## Пакување:

Во пластични канти од 5 и 20 кг

## Складирање:

Во оригинално пакување, на температура од 5°C до 35°C и заштитен од директно влијание на сончевите зраци. Рок на употреба: 6 месеци.

## Стандардни бои:

Адинг - стандардна тон карта / број 2

Забелешка:
Можна е изработка и во други бои, надвор од стандардната тон-карта, на посебно барање на купувачот.

ДЕКОРАТИВНИ ПРЕМАЗИ И МАЛТЕРИ

<u>Опасност по здравјето:</u> Адингколор-Ф не содржи токсични материи, и покрај тоа потребно е да се внимава да не дојде во контакт со кожата, очите или да се проголта. Да се користи соодветна заштитна опрема.
Во случај на прскање на кожата или во очите потребно е плакнење со чиста проточна вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош.
<u>Пожар:</u> Адингколор-Ф е незапалива течност.
<u>Чистење и депонирање:</u> Неврзани остатоци од Адингколор-Ф се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.

ADING
Новоселски пат бб, 1000 Скопје, Р.Македонија, ading@ading.com.mk,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840, 2034 822, Факс: ++ 389 / 02 2034 821
www.ading.com.mk